**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 април 2017 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Македонија: март 2017 година

– Во март, **паричната маса (монетарниот агрегат М4[1])** е пониска во однос на претходниот месец за 0,3%, најмногу заради месечното намалување кај депозитните пари[2], а во помал обем и кај долгорочните депозити, наспроти минималниот раст кај краткорочните депозити. На годишна основа паричната маса оствари раст од 4,2%, при речиси еднаков придонес во годишниот раст на депозитните пари, краткорочните и долгорочните депозити.

– **Вкупните депозити** во овој месец бележат месечна надолна промена од 0,3%, во услови кога намалувањето кај депозитите на домаќинствата го надминува растот на депозитите на корпоративниот сектор. Годишниот раст на вкупните депозити изнесува 4,2%, при раст на депозитите на двата сектора, поизразен на страната на корпоративниот сектор.

– **Вкупните кредити** во март остварија месечно зголемување од 1,2%, при месечен кредитен раст кај двата сектора, малку поизразен кај секторот „домаќинства". На годишна основа кредитниот раст стагнира, но треба да се има предвид дека годишните промени на кредитите ги одразуваат и ефектите од Одлуката на Народната банка во однос на нефункционалните пласмани, при што без овој ефект годишниот кредитен раст во март изнесува 6,3%[3].

Табела 1. Вкупни депозити и кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2015[1)] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1)] | 1.2017 | 2.2017 | 3.2017 | 12.2015[1)] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1)] | 1.2017 | 2.2017 | 3.2017 | 2.2017 | 3.2017 |
| **Парична маса М4** | **331,007** | **330,713** | **322,156** | **329,379** | **351,222** | **346,957** | **345,899** | **344,729** | **6.8** | **6.2** | **2.5** | **4.0** | **6.1** | **6.7** | **5.1** | **4.2** | **-0.3** | **-0.3** |
| **Вкупни депозити** | **304,552** | **304,820** | **296,027** | **302,828** | **321,888** | **319,772** | **318,594** | **317,720** | **6.5** | **6.2** | **2.3** | **4.0** | **5.7** | **6.7** | **5.0** | **4.2** | **-0.4** | **-0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 77,034 | 75,742 | 73,011 | 76,062 | 87,377 | 83,915 | 81,773 | 82,420 | 13.0 | 16.0 | 5.6 | 11.3 | 13.4 | 15.9 | 9.0 | 8.8 | -2.6 | 0.8 |
| Домаќинства | 212,056 | 213,661 | 206,118 | 209,734 | 217,394 | 218,035 | 218,788 | 217,554 | 4.1 | 3.1 | 0.2 | 1.2 | 2.5 | 2.9 | 2.8 | 1.8 | 0.3 | -0.6 |
| **Вкупни кредити** | **279,871** | **280,023** | **274,453** | **275,096** | **282,461** | **278,007** | **276,721** | **280,157** | **9.5** | **8.4** | **3.5** | **2.5** | **0.9** | **0.6** | **-0.3** | **0.0** | **-0.5** | **1.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 157,834 | 154,987 | 149,131 | 147,535 | 151,905 | 147,055 | 145,268 | 146,851 | 7.1 | 5.1 | -0.5 | -1.2 | -3.8 | -4.4 | -5.9 | -5.2 | -1.2 | 1.1 |
| Домаќинства | 120,832 | 123,887 | 124,192 | 126,505 | 129,321 | 129,723 | 130,238 | 132,080 | 12.9 | 13.0 | 8.8 | 7.3 | 7.0 | 7.1 | 6.7 | 6.6 | 0.4 | 1.4 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

[1] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М4 (паричната маса) покрај монетарниот агрегат М2 ги вклучува и долгорочните депозити. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Statistika_metodologija_monetarna_statistika_05_2015_mak.pdf

[2] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[3] На 17.12.2015 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за управување со кредитниот ризик, според која најдоцна до 30 јуни 2016 година банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат да ги пренесуваат) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од две години, односно кај кои пред најмалку две години банката го утврдила и целосно го покрила кредитниот ризик од ненаплата. И покрај преносот на вонбилансна евиденција на овие побарувања, банките го задржуваат правото за нивна наплата.







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[4]




Извор: НБРМ.

– Вкупните **депозити** на корпоративниот сектор, во март, бележат месечно зголемување од 0,8%, во целост заради краткорочните депозити во странска валута, при намалување на денарските депозити (пред сè депозитните пари). На годишна основа, корпоративните депозити бележат раст од 8,8%, со придонес на денарските и девизните депозити во годишната промена од 59,2% и 40,8% соодветно.

– Во март, вкупните **кредити** на корпоративниот сектор остварија месечен раст од 1,1%, со речиси идентичен придонес на денарските и девизните кредити во промената. Споредено на годишна основа, кредитната активност кон корпоративниот сектор е намалена за 5,2%, во поголем дел заради кредитите одобрени во странска валута. Сепак, доколку се исклучи ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката на Народната банка, кредитите на корпоративниот сектор во март бележат годишен раст од 2,9%.

[4] За потребите на ова соопштение корпоративниот сектор се однесува на јавните и на останатите нефинансиски друштва.







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[5]




Извор: НБРМ.

– Кај вкупните **депозити на домаќинствата** овој месец бележиме месечно намалување од 0,6%, при месечен пад и кај денарските и девизните депозити. На годишна основа, депозитите од домаќинствата бележат раст од 1,8%, којшто во целост произлегува од зголемувањето на депозитите во странска валута, наспроти намалувањето на денарските депозити.

– Кај вкупните **кредити** на домаќинствата во март регистриран е месечен и годишен раст од 1,4% и 6,6%, соодветно. Месечните и годишните зголемувања, исто како и претходниот месец, главно се резултат на растот на денарските пласмани на банките и штедилниците кај домаќинствата. Со исклучување на ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со Одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст во март кај домаќинствата би изнесувал 10,5%.

---

[5] За потребите на ова соопштение домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.







Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

## Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2015[1)] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1)] | 1.2017 | 2.2017 | 3.2017 | 12.2015[1)] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1)] | 1.2017 | 2.2017 | 3.2017 | 2.2017 | 3.2017 |
| Потрошувачки кредити | 57,730 | 59,413 | 62,069 | 63,519 | 65,438 | 65,274 | 65,778 | 67,041 | 18.2 | 18.8 | 17.4 | 14.8 | 13.4 | 13.4 | 13.0 | 12.8 | 0.8 | 1.9 |
| Станбени кредити | 30,287 | 31,259 | 32,404 | 33,123 | 34,608 | 34,701 | 34,848 | 35,448 | 17.9 | 16.8 | 14.9 | 13.8 | 14.3 | 14.1 | 13.4 | 13.4 | 0.4 | 1.7 |
| Автомобилски кредити | 399 | 379 | 348 | 325 | 323 | 317 | 309 | 309 | -41.7 | -36.5 | -31.7 | -27.2 | -19.1 | -16.4 | -16.9 | -18.5 | -2.5 | 0.1 |
| Кредитни картички | 12,348 | 12,237 | 12,344 | 12,469 | 12,380 | 12,324 | 12,286 | 12,294 | -0.5 | 0.0 | 0.4 | 0.4 | 0.3 | 0.6 | 0.6 | 0.5 | -0.3 | 0.1 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,592 | 6,112 | 6,281 | 6,276 | 5,795 | 6,228 | 6,305 | 6,275 | 5.0 | 5.4 | 6.4 | 3.5 | 3.6 | 4.3 | 4.3 | 2.7 | 1.2 | -0.5 |
| Други кредити | 4,273 | 4,317 | 4,498 | 4,556 | 4,585 | 4,588 | 4,597 | 4,560 | 9.4 | 10.0 | 11.1 | 10.4 | 7.3 | 8.2 | 8.2 | 5.6 | 0.2 | -0.8 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

- Од аспект на намената на кредитите одобрени на физичките лица, кај најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити,** во март продолжува позитивниот тренд на месечен раст од 1,9% и 1,7%, соодветно, кој на годишна основа изнесува 12,8% и 13,4%, соодветно. Кај **автомобилските кредити** бележиме минимално месечно зголемување од 0,1%, наспроти годишниот пад од 18,5%. Овој месец кредитите одобрени на **кредитни картички** остварија месечен и годишен раст од 0,1% и 0,5%, соодветно. Кај **негативните салда на тековните сметки** и кредитите одобрени врз **други основи** е забележан пад на кредитната активност на месечно ниво од 0,5% и 0,8%, соодветно, додека на годишна основа регистрираме раст од 2,7% и 5,6%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци (http://www.nbrm.mk/?ItemID=4FCA40FAB7051A45B6C93DE5D8FB661D )

Методолошки појаснувања:
(http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Statistika_metodologija_monetarna_statistika_05_2015_mak.pdf )

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/?ItemID=7B1CC2F73E9A3641B2F05235A02C8BDC

Монетарни движења во Република Македонија: 19 мај 2017 година (референтен пресек заклучно со април 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).